European Environment Agency

# ЕВРОПСКАТА ЖИВОТНА СРЕДИНА - СОСТОЈБА И ПЕРСПЕКТИВИ 2015

## Интегрална оцена на европската животна средина







Извештајот „Европската животна средина – состојба и перспективи 2015“ (SOER 2015) дава сеопфатна оцена на состојбата на европската животна средина, трендовите и перспективите и ја поставува истата во глобален контекст. Тој ќе обезбеди информации за спроведување на европската политика за животна средина меѓу 2015 и 2020 година и ги анализира можностите за измена на постојните политики (и сознанијата употребени како поткрепа на овие политики) со цел да се оствари визијата на Европската унија за добар живот во рамките на ограничувањето на планетата.

SOER 2015 е заснован на објективни, сигурни и споредливи информации за животната средина и се потпира на базата на докази и сознанија на ЕЕА и Европската мрежа за информирање за животната средина и следење на истата (Eionet), мрежа на 39 европски земји.

Со својот широк опсег на глобални, европски, регионални и национални информации, дополнети со синтезен извештај и извештај за глобалните мега трендови, SOER 2015 претставува непроценлив извор на сознанија за сите оние што се заинтересирани за животната средина на Европа и инволвирани во нејзиното подобрување.

SOER 2015 ќе биде објавен на 3 март 2015 година.

***eea.europa.eu/soer***

TH-04-15-013-EN-N
ISBN 978-92-9213-528-7
doi:10.2800/036580
© EEA 2015

# ЕВРОПСКАТА ЖИВОТНА СРЕДИНА - СОСТОЈБА И ПЕРСПЕКТИВИ 2015

## SOER 2015 Синтезен извештај

Со овој извештај генерално ќе се поткрепи политиката за животна средина на Европа и особено нејзиното спроведување меѓу 2015 и 2020 година. Тој содржи приказ на европската животна средина во глобални рамки, како и поглавја во коишто се сублимирани состојбата на живвотната средина во Европа, трендовите во истата и нејзините перспективи.

## SOER 2015 Оцена на глобалните мега-трендови

Извештајот за глобалните мега-трендови оценува 11 мега-трендови од значење за животната средина на Европа на долг рок. При оценувањето на клучните двигатели, трендови и импликации за Европа, тој настојува да обезбеди подобра база за европското стратегиско креирање на политиката за заштита на животната средина.

2 печатени извештаи

### Глобални мега-трендови

11 кратки информации за:

- Промена на глобалните популациски трендови
- Кон поурбан свет
- Промена на оптоварувањата со болести и ризици за пандемии
- Забрзување на технолошката промена
- Понатамошен економски раст?
- Сé пополаризиран свет
- Засилена глобална конкренција за ресурси
- Растечки притисоци на екосистемите
- Сé посериозни последици од климатските промени
- Сé поголемо загадување на животната средина
- Разновидност на приодите кон управувањето

### Европски кратки информации

25 тематски кратки информации за:

- Земјоделство
- Загадување на воздухот
- Биолошка разновидност
- Последици од климатските промени и приспособување кон нив
- Потрошувачка
- Енергетика
- Шуми
- Квалитет на слатки води
- Зелена економија
- Здравјето и животната средина
- Хидролошки системи и одржливо управување со водите
- Индустрија
- Земјишни системи
- Морска средина
- Поморски активности
- Ублажување на климатските промени
- Природен капитал и екосистемски услуги
- Бучава
- Ефикасност на ресурси
- Почва
- Воздухот и климатските промени
- Туризам
- Транспорт
- Урбани системи
- Отпад

### Споредби меѓу земјите

9 кратки информации за:

- Земјоделство – органско производство
- Загадување на воздухот-емисии на избрани загадувачки материи
- Биолошка разновидност-заштитени подрачја
- Енергетика-потрошувачка на енергија и удел на обновлива енергија
- Квалитет на слатки води-нутриенти во реките
- Ублажување на климатските промени-емисии на стакленички гасови
- Ефикасност на ресурси-ефикасност на материјали и продуктивност
- Транспорт-побарувачка за патнички транспорт и модели
- Отпад-создавање и управување на комунален цврст отпад

Овие споредби се засновани на индикаторите за животна средина заеднички за повеќето европски земји и поврзани со информациите и индикаторите на национално ниво.

### Земји и региони

39 кратки информации кои ги сублимираат информациите за состојбата на животната средина во:

- 33 земји членки на ЕЕА 6 земји соработнички од
- Западен Балкан

Дополнително, 3 кратки информации даваат преглед на главните предизвици во животната средина во избрани региони, кои се протегаат вон Европа, идентификувани во 7-ата Акциска програма за животна средина на Европската унија

- Арктички регион
- Црно-морскиот регион
- Средоземноморски регион

87 online информации

Сите погоренаведени информации ќе бидат достапни на интернет од 3 март 2015 година на: **eea.europa.eu/soer.**
Печатени верзии може да се нарачаат преку службата за претплата на ЕЕА: **eea-subscriptions.eu/subscribe.**

Извештајот Европската животна средина – состојба и перспективи 2015, е подготвен како заедничка активност во тесна соработка со 33 земји членки и 6 земји соработнички на ЕЕА, како и со службите на Европската комисија. Дополнително, во процесот на стручна ревизија на оцената без инволвирани  неколку меѓународни организации.

Европската агенција за животна средина (ЕЕА) е агенција на Европската унија. Нејзината цел е да го поддржува одржливиот развој и да помага во постигнувањето на значајни и мерливи подобрувања на животната средина на Европа преку обезбедување на навремени, целни, релевантни и сигурни информации за креаторите на политика и за јавноста.
За повеќе информации, видете на: eea.europa.eu.